ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ-СКОПЈЕ
УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ

**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ**

# ИЗВЕШТАЈ

---

# НА ДИРЕКТОРОТ
# ЗА РАБОТАТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ – СКОПЈЕ
# за период од 1.11 2024 до 31. 10 2025 година

**Скопје, 2025 година**

16-та Македонска Бригада 3-а
1000 Скопје, Република Македонија
т: +389 2 3230-910
ф: +389 2 3114-283
info@zeminst.edu.mk
www.zeminst.ukim.edu.mk

Извештајот за работата на директорот на Земјоделскиот институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 1.11.2024-30.10.2025 година, е изработен согласно Законот за високо образование (чл.117 став 5) и статутите на УКИМ (чл. 244) и на Земјоделски институт (чл. 55), со цел да обезбеди отчетност пред Научниот совет и органите и телата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## 1. ВОВЕД

Во овој извештај се презентирани активностите реализирани од Земјоделскиот институт – Скопје во текот на академската 2024/2025 година. Притоа, се опфатени трите основни дејности на Институтот: научноистражувачката, образовната и апликативната дејност, кои претставуваат темел на неговото функционирање и развој. Во рамките на извештајот подетално се разработени постигнатите резултати, тековните проекти и придонесот на Институтот во унапредувањето на земјоделската наука и практика. Дополнително, прикажани се активностите поврзани со внатрешната организациска структура, начинот на функционирање на организациските единици, како и работата и одлуките на органите на управување, со што се обезбедува целосен увид во севкупното работење на Институтот.

Во текот на анализираниот период, Институтот бележи континуиран напредок во унапредувањето на вкупниот квалитет на своето работење, што се должи на систематскиот пристап во реализацијата на стратешките цели и приоритети. Планираните активности не само што беа успешно спроведени, туку и дополнително надградени со нови иницијативи кои придонесоа за зголемена динамика и продуктивност во работењето. Истовремено, значително внимание беше посветено на афирмацијата на Институтот, при што неговото присуство и препознатливост беа зајакнати како во национални рамки, така и во меѓународната научна и стручна заедница.

Паралелно со тоа, Институтот активно работеше на интензивирање на соработката со релевантни институции од земјата и странство, при што се воспоставија нови партнерства и се зацврстија постојните. Овие активности резултираа со потпишување на повеќе договори и меморандуми за соработка, кои отвораат можности за реализација на заеднички истражувања, размена на експертиза и знаење, како и учество во меѓународни проекти. На овој начин, Институтот дополнително ја зацврстува својата улога како значаен чинител во развојот на научноистражувачката и апликативната дејност во областа.

Сепак, покрај постигнатите резултати, во текот на овој период се евидентира и одреден предизвик поврзан со намалената кадровска екипираност на Институтот. Ограничените можности за вработување, како резултат на одбивање или недобивање согласност од надлежните институции за прием на нови кадри, негативно се одразуваат врз капацитетот за понатамошно проширување и интензивирање на активностите. Оваа состојба наметнува потреба од изнаоѓање соодветни решенија со цел одржување на континуитетот и квалитетот на работењето во иднина.

Во континуитет се обезбедува активно користење на расположливата научноистражувачка опрема, што значително придонесува за зголемување на ефикасноста, научната продуктивност и унапредувањето на апликативната дејност на Институтот. Редовната и наменска употреба на лабораториските ресурси овозможува поквалитетно спроведување на истражувачките активности, како и развој на практични решенија и технологии применливи во земјоделската практика. Истовремено, Институтот го задржува позитивниот тренд на модернизација на своите лаборатории, преку континуирано инвестирање во нова и современа опрема. Овој процес вклучува постепена замена на застарената и дотраена опрема, со што се подобруваат техничките услови за работа, се зголемува прецизноста и доверливоста на резултатите и се создаваат предуслови за понатамошен развој како на научноистражувачката, така и на апликативната дејност, во согласност со современите научни и технолошки стандарди.

Во овој период, објавени се 12 труда во списанија со фактор на влијание, 6 труда во меѓународни научни списанија, 2 труда во домашни списанија и 1 книга. Институтот во извештајниот период учествувал во 4 национални и 3 меѓународни научни и апликативни проекти во различни програми, како и во 5 COST акции. Изработени се и 7 предлог-проекти, аплицирани преку разни програми.

Институтот и во текот на извештајниот период го задржа континуитетот во организирање и коорганизирање на научни и стручни настани, со што активно придонесува кон дисеминација на научните сознанија, јакнење на академската соработка и поврзување на науката со практиката. Преку организирање на конференции, работилници, обуки и јавни настани, се овозможува размена на искуства, промоција на резултатите од истражувањата и поттикнување на иновативни пристапи во земјоделството.

Во рамки на овие активности, беше организирана научната конференција „Вранец – Наука, иновации и глобални перспективи", која претставува значаен придонес во афирмацијата на лозарството и винарството од научен и апликативен аспект. Дополнително, во рамки на

проектот „Заживување на традицијата и зачувување на природата“, Институтот реализираше три работилници наменети за различни региони (источен, пелагониски и југоисточен регион), со цел мапирање, валоризација и унапредување на локалните агроеколошки и туристички потенцијали.

Како дел од меѓународните проектни активности, беше организирана и обука (training session) во рамки на проектот Carbon4Soil, под наслов „Carbon Farming – a model for a greener future and healthy soils“, насочена кон промоција на одржливи практики за управување со почвите. Воедно, во рамки на проектот „CARBON 4 SOIL QUALITY“, финансиран од Interreg Euro-Med програмата, УКИМ – Земјоделскиот институт беше домаќин на третиот состанок на проектните партнери, што претставува значаен чекор во зајакнување на меѓународната соработка и размена на знаења.

Особено значаен сегмент од активностите претставуваше одбележувањето на јубилејот – 80 години од постоењето на УКИМ Земјоделскиот институт – Скопје, кое беше проследено со Свечена академија и организација на научната конференција „Иновации во одржливо земјоделство – мост помеѓу науката и практиката“. Овие настани претставуваат круна на долгогодишната научна и стручна работа на Институтот и потврда за неговата значајна улога во развојот на земјоделството и науката.

Преку ваквите активности, Институтот не само што ја зголемува својата видливост и влијание, туку и активно придонесува кон унапредување на научноистражувачката и апликативната дејност, како и кон јакнење на врската помеѓу науката, институциите и реалниот сектор.

Во текот на извештајниот период, Институтот реализираше повеќе значајни организациски и развојни активности насочени кон унапредување на неговата функционалност и ефикасност во работењето. Во таа насока, изработена е нова систематизација на работните места, со цел подобро организациско структурирање и непречено одвивање на тековните активности. Поради намалениот кадровски потенцијал, Институтот беше насочен кон рационализација на организациската поставеност, преку групирање во помал број функционални единици, што овозможува поефикасно искористување на расположливите човечки ресурси и одржување на континуитетот во работењето.

Паралелно со организациските промени, беа реализирани и инвестиции во материјално-техничките капацитети на Институтот. Во таа насока, значително се зголемени капацитетите на земјоделската механизација со набавка на нов комбајн, што придонесува за унапредување на

теренските активности, зголемување на оперативната ефикасност и подобрување на квалитетот на истражувачките и апликативните процеси.

Во доменот на меѓународната соработка, Институтот беше домаќин на гости во рамки на Еразмус програмата од научни институти од Бугарија, со што се продлабочија постојните партнерства и се отворија можности за нови заеднички активности и размена на знаења и искуства. Дополнително, беа реализирани и повеќе посети на истакнати научни експерти од странство, кои придонесоа за унапредување на научната соработка, размена на добри практики и зајакнување на меѓународната видливост и позиција на Институтот. Кадарот на Институтот и во текот на оваа година континуирано остваруваше и кратки студиски и работни посети на странски научни институции, со цел професионално усовршување, размена на искуства и следење на современи научни трендови.

Ова е крајна извештајна година на мандатниот период, во која Институтот успешно ги реализираше планираните активности и ја заокружи својата годишна динамика на работа со континуитет и стабилност во функционирањето. Во текот на оваа година беше успешно спроведен и избор на нов директор, со што се обезбеди континуитет во раководењето и понатамошниот развој на Институтот.

Пред да го заокружам воведот, би сакал да се навратам на мислата на Марија Кири: „Од ништо во животот не треба да се плашиме, туку треба да се обидеме да разбереме. Време е повеќе да разбереме, за да се плашиме помалку.“

Оваа мисла на едноставен но длабок начин ја нагласува суштинската улога на науката во создавањето на знаење, напредок и сигурност, како и значењето на континуираната посветеност кон истражувањето и развојот. Токму овие вредности се препознаваат и во работата на Земјоделскиот , кој преку својата научноистражувачка, образовна и апликативна дејност континуирано придонесува кон развојот на земјоделската наука, практиката и општеството во целина.

На крајот од извештајниот период, изразувам искрена и длабока благодарност до сите вработени во Земјоделскиот институт – Скопје, како и до сите ангажирани лица кои придонесоа за неговото успешно функционирање. Нивната висока професионалност, посветеност и континуиран ангажман претставуваат темел врз кој се остваруваат резултатите и напредокот на Институтот.

Без пожртвуваноста на наставно-научниот, стручниот и административниот кадар, постигнатите успеси и реализираните активности не би биле возможни во ваков обем и

квалитет. Посебна благодарност упатувам до заменик директорот за неговата континуирана и несебична поддршка, како и до раководителите на одделенијата и акредитираните лаборатории за нивниот одговорен и посветен придонес во организацијата и реализацијата на работните процеси.

## 2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научноистражувачката работа претставува носечки столб на функционирањето на Институтот и клучен фактор за неговиот долгорочен развој и научна препознатливост. Во таа насока, континуитетот во поддршката за реализација на оваа дејност на национално ниво најчесто произлегува од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од каде редовно се обезбедуваат средства за финансирање на едногодишен научноистражувачки проект. Дополнително, и во изминатата година продолжи практиката на финансирање проекти од сопствени средства на Институтот, при што беа поддржани два научноистражувачки проекти, што претставува значаен придонес за одржување на континуитетот на истражувачката работа и зајакнување на внатрешните научни капацитети.

Во услови на ограничени национални извори на финансирање, Институтот сè повеќе го насочува својот фокус кон интензивирање на учеството во меѓународни проекти преку аплицирање на релевантни повици, како и кон унапредување на истражувачките активности. По подолг период без активен конкурс, Министерството за образование и наука повторно објави повик на кој Институтот аплицираше со два научноистражувачки проекти, но за жал ниту еден од нив не беше прифатен за финансирање, што ја нагласува потребата од посистемска и континуирана поддршка на научноистражувачката дејност на национално ниво.

Паралелно со проектната активност, Институтот го засилува фокусот на научното публикување како клучен сегмент за зголемување на видливоста и научниот импакт. Сепак, и покрај постојните напори, нивото на научна продукција сè уште не е на посакуваното ниво, поради што постои јасна потреба од негово значително унапредување, особено преку зголемување на бројот на објавени трудови во списанија индексирани во релевантни меѓународни бази, со посебен акцент на SCOPUS. На тој начин би се зајакнала меѓународната препознатливост на Институтот и би се подобрил севкупниот научен придонес на истражувачите.

Еден од значајните аспекти во рамки на научноистражувачката дејност се однесува на учеството во аплицирање на проекти финансирани од европските фондови. Во оваа насока,

Институтот континуирано настојува да ја зајакне својата вклученост во меѓународни програмски шеми и повици, како важен механизам за обезбедување дополнителна поддршка за научната работа и унапредување на истражувачките капацитети.

Сепак, овој сегмент се одвива во услови на ограничени кадровски ресурси, при што само мал број вработени се активно вклучени и располагаат со потребното искуство, мотивација и капацитет за подготовка и реализација на проектни апликации од ваков обем и сложеност. Ова значително го стеснува потенцијалот за поширока учество во европски проекти и наметнува потреба од дополнително јакнење на човечките ресурси преку обуки, размена на искуства и постепено вклучување на нови истражувачи во проектните активности.

И покрај овие ограничувања, Институтот во изминатиот период успеа да воспостави и одржи активност во неколку релевантни меѓународни повици, при што се јавува како водечки партнер во одредени проектни предлози, а во други случаи учествува како партнер во воспоставени конзорциуми со реномирани европски институции. Ова претставува значаен чекор во насока на интернационализација на научноистражувачката работа, јакнење на меѓународната видливост и постепено зголемување на конкурентноста на Институтот во рамки на европскиот истражувачки простор.

Дополнително, ваквото учество, иако сè уште ограничено по обем, создава основа за понатамошен развој на проектната активност, размена на знаења и градење на одржливи партнерства со институции од различни европски земји. На тој начин се поставуваат темелите за идно зголемување на бројот на апликации и успешноста во обезбедување на меѓународно финансирани проекти.

Научниот и соработничкиот кадар на Институтот во текот на извештајниот период реализираше повеќе домашни и меѓународни научноистражувачки и апликативни проекти, со што значајно придонесе кон унапредување на научната продуктивност, јакнење на меѓународната соработка и зголемување на апликативната вредност на истражувањата. Меѓу најзначајните се издвојуваат следните проекти:

1. **„Заживување на традицијата и зачувување на природата“**
   **Раководител:** научен соработник д-р Марија Ѓошева-Ковачевиќ

Проектот има за цел подобрување на условите за живот во руралните средини преку одржливо користење на природните ресурси и развој на агро-екотуризмот. Активностите опфаќаат анализа и мапирање на агро-екотуристички потенцијали, изработка на прирачник и

дигитална платформа, како и обуки за локалното население, со посебен акцент на вклучување на жени и млади.

2. **„Анализа на влијанието на традиционалните и индустриските практики врз квалитетот на алкохолните пијалаци во Македонија"**
   **Раководител:** д-р Милена Тасевска – Ѓоргијевски

Проектот се фокусира на испитување на хемискиот и сензорниот состав на домашно произведени алкохолни пијалаци кои не се предмет на редовна контрола. Истражувањата опфаќаат различни категории производители и имаат за цел да дадат увид во квалитетот, производствените практики и безбедноста на производите.

3. **„Вегетацијата на плевелите како резервоар на вирусни заболувања кај културните растенија од фам. Solanaceae и Cucurbitaceae"**
   **Раководител:** научен соработник проф. д-р. Гордана Глаткова

Проектот ја истражува улогата на плевелите како резервоари на вируси и нивното влијание врз ширењето на инфекции кај земјоделските култури. Преку молекуларни анализи се испитуваат економски значајни вируси кај повеќе култури во различни региони на земјата.

4. **„Молекуларна карактеризација на автохтоните сорти цреши во Охридскиот регион"**
   **Раководител:** проф. д-р Виктор Ѓамовски

Проектот има за цел генетска карактеризација на автохтоните сорти цреши и нивна споредба со светскиот генетски фонд, со цел зачувување на агробиодиверзитетот и спречување на нивно исчезнување.

5. **„Халоморфни почви во Овче Поле" (национален проект)**
   **Раководител:** проф. д-р Христина Поповска

Проектот се фокусира на истражување на засолените почви, нивната состојба, биодиверзитет и влијание на антропогените фактори, со цел нивно следење и заштита преку современи методи.

6. **„Carbon 4 Soil Quality“ (Interreg Euro-MED)**
   **Национален координатор:** проф. д-р Душко Мукаетов

Меѓународен проект насочен кон намалување на $CO_2$ во атмосферата и подобрување на квалитетот на почвата преку развој на алатки за јаглеродно земјоделство, хармонизација на методологии и примена на одржливи земјоделски практики.

7. **„EcoBASE – Nature-based solutions to mitigate soil degradation“ (Interreg IPA ADRION)**
   **Национален координатор:** проф. д-р Душко Мукаетов

Проектот развива иновативни решенија за намалување на деградацијата на почвите, дигитални алатки за земјоделци и советодавни системи, со цел унапредување на одржливото земјоделство и усогласување со ЕУ стратегиите за почви.

Како еден од клучните сегменти за унапредување на научноистражувачката дејност, јакнење на меѓународната соработка и зголемување на конкурентноста при аплицирање на европски и други меѓународни повици, се издвојува континуираното вмрежување на научниот кадар со сродни истражувачки и високообразовни институции од регионот и Европската Унија. Овој процес претставува стратешки важна компонента во развојот на Институтот, бидејќи овозможува размена на знаења, пристап до нови истражувачки методологии, заедничко учество во проекти и зајакнување на видливоста во европскиот истражувачки простор.

Во текот на тековната извештајна година, кадарот на Институтот активно продолжи и значајно го интензивираше своето учество во повеќе COST акции, кои претставуваат една од најзначајните европски платформи за научно вмрежување, размена на знаење и развој на истражувачки капацитети. Преку овие активности се овозможува директна поврзаност со водечки европски научници и институции, што има суштинско значење за јакнење на капацитетите на Институтот и зголемување на неговата меѓународна конкурентност.

Во рамки на тековната година, научниот кадар е вклучен и активно учествува во следните COST акции:

- **CA22146 – Harnessing the potential of underutilized crops to promote sustainable food production (DIVERSICROP)**
- **CA22122 – Rethinking the Blue Economy: Socio-Ecological Impacts and Opportunities (RethinkBlue)**
- **CA22144 – Sustainable use of salt-affected lands (SUSTAIN)**

16-та Македонска Бригада 3-а
1000 Скопје, Република Македонија
т: +389 2 3230-910
ф: +389 2 3114-283
info@zeminst.edu.mk
www.zeminst.ukim.edu.mk

- **CA22136 – Pan-European Network of Green Deal Agriculture and Forestry Earth Observation Science (PANGEOS)**
- **CA23123 – Nonchemical weed management in medicinal and aromatic plants (MAPs)**

Учеството во овие акции претставува исклучително значаен механизам за интернационализација на научната работа, бидејќи овозможува директна интеграција во европските истражувачки мрежи, пристап до најнови научни сознанија и методологии, како и активно вклучување во работни групи, обуки, краткорочни научни мисии и заеднички публикации. На овој начин се зајакнуваат индивидуалните капацитети на истражувачите, но и институционалната позиција на Институтот во поширокиот европски научен простор.

Особено значајно е што преку учеството во COST акциите се создаваат предуслови за идно аплицирање во поголеми конкурентни проекти финансирани од Европската Унија, како и за воспоставување на долгорочни партнерства со реномирани научни институции. Дополнително, овој вид на вмрежување придонесува за зголемена видливост на научната работа, поттикнување на мобилноста на истражувачите и унапредување на квалитетот на научните публикации и апликативните резултати.

Кадарот на Институтот оствари активно учество на домашни и меѓународни научни собири, конференции, симпозиуми и работилници, при што беа презентирани резултати од сопствената научноистражувачка работа. Преку овие настапи се овозможи размена на научни сознанија, дисеминација на истражувачките резултати и воспоставување на нови професионални контакти со истражувачи и институции од соодветните научни области. Истовремено, се придонесе кон континуирана афирмација и промоција на Институтот како релевантна научна и истражувачка институција на национално и меѓународно ниво.

Оваа активност имаше значајна улога во јакнењето на видливоста на научната работа, зголемувањето на можностите за соработка и поттикнувањето на понатамошно учество во заеднички истражувачки проекти. Дополнително, преку учество на вакви настани се унапредија компетенциите на истражувачите и се следеа современите научни трендови и методолошки пристапи во соодветните области.

Институтот, со цел да го поддржи и стимулира ваквиот вид на научна активност, обезбеди сопствени средства за поддршка на учеството на вработените, при што беа подмирени трошоци за котизација, а во одредени случаи и дел од патните и престојните трошоци. На тој начин се овозможи поголема вклученост на кадарот во научната заедница и континуирано јакнење на научниот придонес и институционалната препознатливост.

Во извештајниот период, научноистражувачката продукција на Институтот бележи значително зголемување, како во квантитативна, така и во квалитативна смисла, со особено изразен напредок во сегментот на објавување трудови во референтни меѓународни научни бази. Вкупно се евидентирани **20 научни и стручни трудови**, од кои **12 трудови се објавени во списанија индексирани во базите Web of Science, Scopus и EBSCO**, **6 трудови во меѓународни научни списанија и зборници**, како и **2 труда во домашни списанија**.

Во споредба со претходната година, кога беа објавени 3 труда во списанија со фактор на влијание, 16 труда во меѓународни списанија, 2 труда во домашни списанија и 4 брошури, тековниот извештаен период покажува јасна трансформација во структурата на научната продукција. Иако вкупниот број на трудови е релативно стабилен, забележливо е значително зголемување на уделот на публикации во престижни меѓународни бази, што претставува клучен индикатор за подигнување на научниот квалитет, релевантност и меѓународна видливост на истражувачката работа.

Овој позитивен тренд е резултат на долгорочен и систематски пристап кон унапредување на научноистражувачката дејност. Пред сè, значајна улога имаат претходните инвестиции во модернизација на научноистражувачката инфраструктура, вклучително и набавката и континуираното користење на современа лабораториска опрема, што овозможи спроведување на поквалитетни и пософистицирани анализи. Дополнително, поддршката на научните активности преку финансирање на проекти од сопствени средства придонесе за одржување на континуитетот во истражувањата и генерирање на нови научни резултати.

Паралелно со тоа, зголемената вклученост на кадарот во меѓународната научна заедница, преку учество во COST акции, научни мрежи и други форми на соработка, овозможи размена на знаења, пристап до современи методолошки пристапи и воспоставување на партнерства со реномирани институции. Овие активности директно се рефлектираат врз квалитетот на научните трудови и нивната прифатеност во списанија со висок научен импакт.

Сепак, и покрај остварениот напредок, останува потребата од дополнително зголемување на научната продукција, особено во списанија со висок фактор на влијание и повисоки квартални категории во рамки на SCOPUS и Web of Science базите. Во таа насока, неопходно е континуирано вложување во развојот на човечките ресурси, поттикнување на истражувачката активност и обезбедување на стабилни извори на финансирање.

Севкупно, може да се констатира дека Институтот бележи позитивен и одржлив тренд во развојот на научноистражувачката продукција, при што претходните стратешки инвестиции и

активности даваат јасни и мерливи резултати. Ова претставува солидна основа за понатамошно унапредување на научниот квалитет, зголемување на меѓународната видливост и зацврстување на позицијата на Институтот во националниот и европскиот истражувачки простор.

Природата на земјоделските науки подразбира воспоставување и континуирано одржување на експериментални објекти кои служат како основа за спроведување на научноистражувачките активности. Во таа насока, демонстративните насади формирани во претходниот период и во текот на оваа извештајна година останаа во функција на активна научна обработка и следење.

Двата насади од слива, поставени како сортен опит и опит со различни системи на одгледување, и понатаму се предмет на тековни агротехнички активности и систематско прибирање на податоци. Во рамки на овие истражувања се применува утврдена методолошка рамка за следење на развојните фази, продуктивноста, како и квалитативните својства на плодот, со цел добивање релевантни научни сознанија за адаптивноста и економската оправданост на испитуваните сорти и технологии на производство.

Истовремено, колекциониот насад од винова лоза, кој опфаќа сорти со зголемена отпорност на болести, поставен на две различни локации, претставува значајна база за научни испитувања во услови на различни агроеколошки карактеристики. Во текот на годината се реализираа активности поврзани со одржување на насадите, како и континуирано следење на вегетативниот развој, здравствената состојба и прилагодливоста на сортите, при што се врши систематско евидентирање и обработка на податоците.

Воспоставените демонстративни и колекциони насади, како резултат на досегашната меѓуинституционална соработка и поддршката од меѓународни партнери, претставуваат значаен научноистражувачки ресурс, кој директно придонесува кон генерирање на нови сознанија и нивна примена во современото земјоделско производство.

Воедно, подготовката и аплицирањето на проектни предлози на меѓународни повици и во текот на оваа година остана еден од стратешките приоритети на Институтот. Стекнатите искуства од претходниот период резултираа со зголемена ангажираност и иницијативност кај научниот кадар, додека воспоставените контакти и партнерства дополнително ја зацврстија позицијата на Институтот како релевантен и доверлив партнер во рамки на меѓународните научноистражувачки конзорциуми.

16-та Македонска Бригада 3-а
1000 Скопје, Република Македонија
т: +389 2 3230-910
ф: +389 2 3114-283
info@zeminst.edu.mk
www.zeminst.ukim.edu.mk

Во однос на издавачката дејност, во текот на извештајната година издадени се 2 учебника и една брошура. Учебниците се подготвени за студентите од втор циклус студии, а нивното издавање е поддржано во рамки на издавачката дејност на УКИМ.

## 3. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во рамки на наставно-образовната дејност, Институтот и понатаму располага со две акредитирани студиски програми – „Енологија" и „Органско и биодинамично растително производство". Сепак, и во текот на извештајниот период продолжува негативниот тренд во однос на бројот на запишани студенти, при што интересот за запишување останува на исклучително ниско ниво. Ваквата состојба, и покрај тоа што делумно може да се поврзе со општиот тренд на намалување на студентската популација на национално ниво, укажува и на потребата од подлабока анализа на атрактивноста и позиционирањето на студиските програми на Институтот.

Иако во изминатиот период беше спроведен процес на самоевалуација и беше изготвен годишен акциски план со јасно дефинирани мерки за унапредување на наставно-образовната дејност, може да се констатира дека во практична смисла не се забележани значајни подобрувања. Ова упатува на ограничена ефективност во имплементацијата на предвидените активности, како и на потребата од поодлучен и поинтензивен пристап кон нивна реализација. Во таа насока, неопходно е критички да се преиспитаат постојните механизми за следење и оценување на квалитетот, како и степенот на нивна реална примена.

Дополнително, постојните студиски програми, иако стручно и научно засновани, се соочуваат со предизвик во однос на нивната конкурентност и препознатливост на пазарот на високо образование. Оттука, се наметнува потребата од нивно осовременување, редизајнирање или проширување со нови, поатрактивни и интердисциплинарни содржини, кои ќе одговорат на современите трендови и потребите на пазарот на труд.

Особено значајна насока за понатамошен развој претставува продлабочување на соработката со партнерски институции од странство, со цел развој на заеднички или двојни студиски програми, кои би ја зголемиле атрактивноста и меѓународната видливост на Институтот. Воедно, потребно е поинтензивно вмрежување и соработка со други единици во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со цел креирање на заеднички интердисциплинарни студии, кои ќе овозможат поширок опфат на знаења и поголема конкурентност на дипломираните студенти.

Севкупно, и покрај постоењето на формални механизми за обезбедување квалитет, како и преземените активности во изминатиот период, наставно-образовната дејност на Институтот се соочува со сериозни предизвици кои бараат поодлучни, стратешки и координирани интервенции. Само преку суштински пристап кон реформирање и унапредување на студиските програми, како и преку активна промоција и меѓународна соработка, може да се очекува надминување на постојната состојба и постигнување на одржлив развој во оваа дејност

## 4. АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Апликативната дејност на Институтот и во текот на 2025 година се потврди како еден од клучните столбови за неговото целокупно функционирање и реализација на планираните активности. Во услови на континуирано ограничена институционална поддршка за научноистражувачката дејност, оваа компонента претставува значаен извор на финансиска одржливост, но и суштинска алка во поврзувањето на науката со практиката. Преку апликативната дејност, Институтот не само што обезбедува сопствени приходи, туку и активно придонесува кон решавање на конкретни проблеми на стопанството и јавниот сектор, ставајќи го на располагање стручниот и научниот потенцијал на својот кадар.

Во рамки на оваа дејност се остварува континуирана и интензивна соработка со стопанските субјекти, институциите од јавниот сектор, како и со невладиниот сектор. Ваквата соработка придонесува за зголемување на видливоста и препознатливоста на Институтот како релевантна и доверлива институција, способна да обезбеди стручни и научно засновани решенија за актуелните предизвици во земјоделството и сродните области.

Како најзначаен сегмент од апликативната дејност и понатаму се издвојуваат лабораториските активности, кои опфаќаат широк спектар на анализи и испитувања. Тука спаѓаат анализите на вино, дестилати и други алкохолни пијалоци наменети за увоз и извоз, семеконтролата, педолошките и стручните и здравствените прегледи на семенските посеви од житни култури, овошниот, лозовиот и градинарскиот саден материјал како и агрохемиските анализи. Дополнително, во мал обем се вршат анализи на присуство на растителни вируси во растителен материјал од различни земјоделски култури, со што Институтот обезбедува сеопфатна поддршка на земјоделското производство и контрола на квалитетот.

